„Доколку на луѓето им се даваше според нивните побарувања, некои бесправно би го барале имотот и животот на другите. Затоа, должност на оној што обвинува е да донесе доказ, а оној што негира, да се заколне.“

Ибн Аббас, Аллах нека е задоволен со него и неговиот татко, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Доколку на луѓето им се даваше според нивните побарувања, некои бесправно би го барале имотот и животот на другите. Затоа, должност на оној што обвинува е да донесе доказ, а оној што негира, да се заколне.“

[صحيح] [رواه البيهقي]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, појаснил дека ако на луѓето им се признавало правото само врз основа на нивните тврдења, без никакви докази, некои од нив бесправно би барале да присвојат туѓ имот и да посегнат по животот на другите. Затоа, оној што тврди дека нешто е негово право мора да приложи доказ. Ако нема доказ, случајот се изнесува пред оној што е обвинет, па ако тој го негира, должен е да се заколне, со што се ослободува од обвинувањето.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/4722